Thursday, April 13, 2023
12:56 PM

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: | 13.04.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 423/1 | | |

Арх. знак 1008
Рок на чување 5
13.04.2023 год.

( Образец ПП......)

До: _Општина___
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

______________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер

1. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска или логистичка поддршка на Локалниот младински совет во општината во 2022 година? ( Да се наведат поединечните износи)

2. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на Локалното собрание на млади во 2022 година? ( Да се наведат поединечните износи)

3. Колку финансиски средства се издвоени и потрошени за донесување и усвојување на локалната стратегија за млади во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

4. Колку финансиски средства се издвоени и потрошени за реализација на активностите предвидени во локалната стратегија за млади во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

5. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на Канцеларијата за млади во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

6. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на Младинскиот центар во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

7. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на Службеникот за млади во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- г) електронски запис

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- г) е-маил (на адресата katerina.sapkova@gmail.com)

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

Во [redacted]

[redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Delçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561
Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje/PO.Box.561 ... 389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-423/2
18.04.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под бр.10-423/1 од 13.04.2023 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под бр.10-423/1 од 13.04.2023 година

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал:В.Лазов
Одобрил: С.Х.Јовановиќ

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" бб, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10 - 423/3
24.04.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

ДО
[redacted]

**ПРЕДМЕТ**: Одговор на Ваше барање по ЗСПИЈК од 13.04.2023 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање по ЗСПИЈК од 13.04.2023 година, заведено под бр.10-423/1 од 13.04.2023 година, Ви ги доставуваме следните податоци од Општина Валандово:

1. Општина Валандово за 2022 година имаше предвидено средства за Програмата за млади, предложена од Локалниот младински совет (ЛМС), од 0.7% од основниот буџет на Општината, односно 590.000 денари. Исто така Општината на ЛМС им отстапува просторија за одржување на состаноци и други активности секогаш кога тоа е потребно, а додека преку службеникот за млади се обезбедува административната изработка на потребни документи. Промоцијата на ЛМС исто така го обезбедува Општината преку своите профили на социјалните мрежи и преку официјалната веб страна. Општината обезбедува логистичка поддршка при одржување на настани (уредување, осветлување, озвучување на простории и обезбедување на промотивни материјали)
2. Општината на Локалното собрание на млади (ЛСМ) им отстапува просторија за одржување на состаноци и други активности секогаш кога тоа е потребно, а додека преку службеникот за млади се обезбедува административната изработка на потребни документи. Општината обезбедува логистичка поддршка при одржување на настани (уредување, осветлување, озвучување на простории и обезбедување на промотивни материјали)
3. Немаме усвоено локална стратегија за млади
4. Немаме формирано посебна Канцеларија за млади (службеникот за млади работи од просториите на Општинската администрација)
5. Немаме основано Младински центар
6. Сите административни ресурси во Општината се на располагање на Службеникот за млади бидејќи истиот е вработен во Општинската администрација. Исто така се Општината обезбедува логистичка поддршка при одржување на настани (уредување, осветлување, озвучување на простории и обезбедување на промотивни материјали)

Со почит,

Општина Валандово
Лице задолжено за посредување со информации од јавен карактер
Соња Христова-Јовановиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВАЛАНДОВО